**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/2
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 21, точка 16* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се усвојува **Финансискиот извештај за работа на Комората за 2020 година**, предложен од Извршниот одбор на Стоматолошката комора.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

М.П.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/3
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 21, точка 17* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**Член 1**

Се усвојува **Финансискиот план за работа на Комората за 2021 година**.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/4
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 21, точка 16* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се усвојува **Финансискиот извештај согласно одлука бр. 02-922/5 и одлука бр. 02-922/3 на Собранието на СКМ**.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
д-р Оливер Манасиев

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/5
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 21, точка 1* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојува **ПРЕДЛОГ-ТЕКСТОТ на СТАТУТОТ на Стоматолошката комора на Македонија**, предложен од Извршниот одбор на Стоматолошката комора.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Собрание на Стоматолошка комора**
**на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/6
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 21, точка 6, в.в со член 29* став 5 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија и член 46 од **Деловникот за работа на Собранието**, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**СЕ РАЗРЕШУВА членот на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Јован Гагалески.**

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 29 став 5 од Статутот на СКМ, член на Извршен одбор може да биде разрешен на барање на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието, со јавно гласање.

За предлогот за разрешување на д-р Јован Гагалески гласаа 36 делегати и тоа:

-ЗА гласаа 33 делегати и 3 ВОЗДРЖАНИ,

со што одлуката за разрешување е донесена со потребното мнозинство.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/7
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа на член 21 и член 42 точка 6 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 10-та седница одржана на ден **24.04.2021 г.** ја донесе следната

## ОДЛУКА
### за давање согласност на составот на судските совети на Судот на честа на Комората

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на составот на судските совети на Судот на честа во прв и втор степен, утврдени од Претседателот на Судот на честа, д-р Катерина Стаменковска.

**Член 2**

Се дава согласност за **советот во прв степен** на Судот на честа, во состав:

1. **д-р Милан Левков;**
2. **д-р Фатмир Ахмеди и**
3. **д-р Предраг Стојановиќ.**

**Член 3**

Се дава согласност за **советот во втор степен** на Судот на честа, во состав:

1. **д- р Катерина Стаменковска;**
2. **д-р Емица Младеновска Спасиќ;**
3. **д-р Суат Емини;**
4. **д-р Дарко Цеков и**
5. **д-р Горан Ивановски.**

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**М.П.**

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/8
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 15, став 3, во врска со член 15 став 1 точка 4 и став 4, како и член 14, став 1 точка 15* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

На членот на Стоматолошката комора на Македонија **д-р Благој Поповски**, му се утврдува **престанок на членство во Стоматолошката комора на Македонија поради неплатена членарина за 2019 и 2020 година.**

**Член 2**

Членството во Стоматолошката комора на Македонија на **д-р Благој Поповски му престанува од денот на одржувањето на седницата на Собранието, 24.04.2021 година.**

Со престанокот на членувањето, на членот му престануваат и сите права, должности и активности во Комората.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во гласилото на Комората.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 став 1 точка 4 од Статутот на СКМ, членството во Комората престанува во случај **неоправдано неплаќање на членарина повеќе од 12 месеци.**

Врз основа на доставен извештај од Сектор финансии при Стоматолошката комора на Македонија за неплатени членарини на делегатите на Собранието на СКМ, утврдено е дека д-р Благој Поповски не платил членарина за 2019 и 2020 година, па се одлучи како во диспозитивот.

Одлуката да се достави до:
-Именуваниот;
- Централната изборна комисија на СКМ на натамошно постапување ;
- Регионален одбор Битола;
-Работодавецот каде што е вработен членот (врз основа на член 15 став 3 од Статутот);
-Министерството за здравство на РСМ (врз основа на член 15 став 3 од Статутот).

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/9
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член 15, став 3, во врска со член 15 став 1 точка 4 и став 4, како и член 14, став 1 точка 15* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

На членот на Стоматолошката комора на Македонија **д-р Андреја Рендевски**, му се утврдува **престанок на членство во Стоматолошката комора на Македонија поради неплатена членарина за 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година.**

**Член 2**

Членството во Стоматолошката комора на Македонија на **д-р Андреја Рендевски му престанува од денот на одржувањето на седницата на Собранието, 24.04.2021 година.**

Со престанокот на членувањето, на членот му престануваат и сите права, должности и активности во Комората.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во гласилото на Комората.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 став 1 точка 4 од Статутот на СКМ, членството во Комората престанува во случај **неоправдано неплаќање на членарина повеќе од 12 месеци**.

Врз основа на доставен извештај од Сектор финансии при Стоматолошката комора на Македонија за неплатени членарини на делегатите на Собранието на СКМ, утврдено е дека **д-р Андреја Рендевски** не платил членарина за 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година, па се одлучи како во диспозитивот.

Одлуката да се достави до:
-Именуваниот;
- Централната изборна комисија на СКМ на натамошно постапување ;
- Регионален одбор Битола;
-Работодавецот каде што е вработен членот (врз основа на член 15 став 3 од Статутот);
-Министерството за здравство на РСМ (врз основа на член 15 став 3 од Статутот).

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/10
Скопје, 26.04.2021 година

Врз основа член 19 став 1, член 22 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, член 25 од Деловникот за работа на Собрание и член 20 од Правилникот за избор и отповикување на членови во Регионални одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр.02-1684/1, а во врска со член 20 став 1 точка 1 и 5 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**Одлуката за** утврден **престанок на членство во Стоматолошката комора на Македонија** на членовите:

1. **Д-р Андреја Рендевски и**
2. **Д-р Благој Поповски.**

**да се достави до Централна изборна комисија** на Стоматолошка комора на Македонија на понатамошно постапување

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На седница одржана на ден 24.04.2021 година, утврден е престанок на членство на членови на Стоматолошка комора на Македонија за д-р Андреја Рендевски, заради неплатена членарина за 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година и д-р Благој Поповски – за неплатена членарина за 2019 и 2020 година.

Согласно член 15 став 2 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија, со престанок на членувањето, на членот му престануваат и сите права, должности и активности во Комората.

*Согласно* ***член 20 став 1 точка 1 и 5*** од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на делегатите **<u>им престанува мандатот</u>** и пред истекот на времето за кое се избрани ако бидат

отповикани според условите утврдени со член 15 од Статутот или со престанок на членувањето во Комората.

Членовите на д-р Андреја Рендевски и д-р Благој Поповски се членови на Регионален одбор и делегати во Собрание на Стоматлошка комора на Македонија, па како се исполнети условите од член 20 став1 точка 1 и точка 5 од Статутот на СКМ, потребно е да им престане мандат и пред времето за кое се избрани.

***Согласно член 11 од Правилникот*** *за избор и отповикување на членови во Регионални одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр.02-1684/1,* ***Централната изборна комисија ја подготвува и спроведува постапката за отповикување на членови во регионални одбори и делегати во Собрание на Комората, поради што се одлучи како во диспозитивот.***

За одлуката за утврдување престанок на мандат делегат за д-р Андреја Рендевски и д-р Благој Поповски, гласаа вкупно 37 делегати, од кои ЗА гласаа 30 делегати, а 7 беа ВОЗДРЖАНИ.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *

М.П. ______________________

Да се достави до:
-Архива
- Централна изборна комисија на СКМ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Балзакова бр. 32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. 02-435/11
Скопје, 24.04.2021 година

Врз основа *член член 21* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 10-та седница, одржана на **24.04.2021** година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за промена на седиште на Стоматолошката комора на Македонија

### Член 1

Седиштето на Стоматолошката комора на Македонија се менува од ул. Антон Попов бр.1-4/5, Кисела Вода, Скопје, во ул.Балзакова бр.32, Скопје.

### Член 2

Се задолжува Претседателот на Комората, како овластено лице за претставување и застапување на Комората во правниот промет или од него овластено лице-полномошник, да ја спроведе оваа одлука во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### Член 3

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Собрание на Стоматолошка комора**
**на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

Стоматолошка комора на Македонија СКОПЈЕ

М.П.